РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-7
27.04.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**

**Предмет: Одговор на Претставка**

Почитувана,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја разгледа Вашата претставка (наш број УПП 03-7 од 16.04.2026 г.), во којашто изразувате незадоволство од програмската содржина на телевизиите Телма и Алфа, поради честото, повеќекратно и обемно репризирање исти емисии и серии, без да се воведат нови содржини при што, во одредени случаи, програми кои се најавени како премиери веќе биле прикажани на други телевизии.

Како што Ве информиравме во одговорот на Вашата претходна претставка на слична тема, радиодифузерите имаат уредувачка автономија во креирањето на програмската шема. Тоа значи дека тие самостојно одлучуваат за изборот, откупот и емитувањето на програмите, вклучително и за тоа кои содржини ќе се репризираат и колку често. Дополнително, радиодифузерите немаат законска обврска да емитуваат исклучиво нови содржини, ниту пак постојат ограничувања во однос на бројот на реprизи. Овие аспекти зависат од уредувачката политика на медиумот, како и од договорните односи со носителите на авторски права. Во таа насока, Агенцијата нема законска основа да интервенира во уредувачките одлуки на медиумите, сè додека не се прекршуваат законските одредби.

Сепак, медиумите се должни да се придржуваат до програмските концепти врз основа на кои им е издадена дозволата за емитување (во кои е утврдена процентуалната застапеност на информативните, забавните и образовните програми на неделно ниво). Исто така, согласно член 92 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, телевизиските програмски сервиси имаат обврска на дневна основа да обезбедат најмалку 30% програма составена од изворно создадени македонски аудиовизуелни дела. Во овој процент се пресметува само премиерното емитување на програмите. Со спроведените надзори во текот на 2025 година, кај наведените телевизии не се констатирани прекршувања во поглед на овие законски обврски.

Истовремено, Агенцијата дава поддршка на иницијативи насочени кон поттикнување нова и поквалитетна домашна продукција, меѓу кои и можноста за воспоставување фонд за поддршка на медиумите. Ваквиот механизам би придонел за развој на оригинални програмски содржини и зајакнување на креативниот потенцијал на медиумите. Основната цел е да им се овозможи на медиумите да создаваат нови,

автентични и квалитетни програми. Спроведувањето на оваа иницијатива е условено од ангажманот на Министерството за дигитална трансформација, Владата и Собранието, како институции надлежни за изработка и усвојување на соодветна законска рамка.

Ви благодариме за доставената претставка. За нејзината содржина, во анонимизирана форма, ќе бидат известени засегнатите телевизии и ќе биде објавена на веб страницата на Агенцијата во делот за претставки.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**